Изработил : **Славијанка Дојчиноска ОУ Живко Чинго – Велгошти Охрид**

| **Недела 15, час 2**<br>**број на час : 30 Датум :** | | | **ПРВО ПОЛУГОДИЕ Тема 1: 8.1 Сили и движење**<br>Единица: **Истражување на движењето (3)** | | | **Одделение**<br>**VIII** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнатото** |
| | | | **Опис** | **Форми** | | |
| 5 | Ученикот идентификува трендови и шаблони во резултатите, при што правилно користи различна опрема.<br><br>Претставува резултати соодветно во табели, дијаграми или графикони.<br><br>Проверува предвидувања користејќи докази. | Јас можам да вршам синтеза и корелации меѓу изучени физички поими. | Наставникот и учениците уште еднаш ги ревидираат критериумите за успех и критериумите за презентација. | Г/ З | Бараните ресурси ќе зависат од избраните методи на истражување Најверојатно ќе биде потребно : стоперки, метар , линијари, хартија | Прашања, одговор, дискусија |
| 35 | Ученикот споредува резултати со предвидувања.<br><br>Идентификува резултати со отстапка и предлага подобрувања на истражувањето.<br><br>Дискутира објаснувања за резултати користејќи научно знаење и разбирање. Јасно ги споделува со другите.<br><br>Претставува заклучоци на другите на соодветни начини. | Можам резултатите од истражувањето да ги анализирам и оценувам како и јасно да ги презентирам пред другите. | По завршувањето на истражувањето и домашната работа од претходниот час групите една по друга го презентираат истражувањето. На крајот од секоја презентација, публиката може да поставува прашања врзани за презентацијата. | Г | Материјали за презентацијата (пр. хамери, маркери, итн)<br>Презентациите ќе ви помогнат да утврдите што разбрал секој од учениците. | Дискусија, Презентација Заклучоци Чек листи Формулар за вреднување |

| Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен ( поврзано со активностите) | Забелешки / можности за проширување/ домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| **Вовед:** Наставникот, ги води учениците во текот на сите активностите.<br>**Групни активности:** Ученици вршат целосно истражување со сите негови чекори. | | предвидува, внесува, толкува, споредува, оценува, опишува, објаснува, заклучува ; |

Изработил : **Славијанка Дојчиноска ОУ Живко Чинго – Велгошти Охрид**

# Предлог од наставникот кој може да го дополнат учениците, доколку имаат добра издржана основа.

## Чек листа за проверка при оценување на усна презентација

| **Организација** | I | II | III | IV |
|---|---|---|---|---|
| Презентираниот материјал има јасен вовед | | | | |
| Презентираниот материјал има развој | | | | |
| Презентираниот материјал има заклучок | | | | |
| Материјалот е јасно поврзан со тематиката на презентацијата | | | | |
| **Содржина** | | | | |
| Презентацијата дава релевантни информации | | | | |
| **Презентација и способности за усна презентација** | | | | |
| Презентерот зборува јасно | | | | |
| Презентерот поставува прашања и дава одговор на прашањата | | | | |
| Одговорите што ги дава презентерот се јасни | | | | |

Штиклирај доколку одговорот е "ДА".

### Формулар за вреднување на ученикот

1. Дали си задоволен со презентацијата? Доколку е одговорот да кажи зошто.
2. Дали сметаш дека другите ученици од паралелката ( слушателите ) беа заинтересирани за твојата презентација? Како дојде до тој заклучок?
3. Доколку се побара од тебе да ја повториш презентацијата што би променил во неа и зошто?
4. Која е најважната информација што ја презентираше?
5. Зошто оваа информација е важна?
6. Дали има нешто друго што би сакал да научиш за оваа тематика?